Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 56 став 7 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

# ОДЛУКА
## за должината на подфазата со фиксно времетраење и максималната должина на подфазата рандом во рамките на прекинувачка аукција

1. Должината на подфазата со фиксно времетраење во рамките на прекинувачка аукција изнесува 600 секунди.

2. Максималната должина на подфазата рандом во рамките на прекинувачката аукција изнесува 120 секунди.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, членките и архивата на Берзата.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**